Co-funded by the European Union

# Модул 5

# СОСЕДИТЕ ЖИВОТНИ

CITIES FOR THE FUTURE

Co-funded by the European Union

# 05 СОСЕДИТЕ ЖИВОТНИ

5.1 Игра - пантомима со животни

5.2 Изработка на маски со животни

5.3 Олимписки игри со животни

5.4 Куклена претстава со животни

5.5 Препознавање траги од животни

5.6 Чистење на живеалиштата на животните во заедницата

5.7 Градина за дивиот свет во заедницата

5.8 Час за готвење – подготовка на слатки на тема животни

5.9 Колаж на синџирот на исхрана

5.10 Истражување интерактивни мапи

5.11 Потрага во природа - уживање во храна

5.12 Потрага во природа – домови за живеење

5.13 Работилница за хранилки на верверички

5.14 Виртуелно зоо-сафари

5.15 Работилница за нега на животни со присуство на ветеринар

5.16 Живеалиштата на животните

5.17 Поларна мечка

5.18 Загадувањето на животинскиот свет

5.19 Дишењето кај животните

5.20 Како се хранат птиците

## TUDEC Website

http://www.citiesforthefuture.eu/

CC BY SA

Project n° 2022-1-IT02-KA220-SCH-000087127

Проектот е финансиски поддржан од Европската Унија. Меѓутоа, искажаните мислења и ставови припаѓаат исклучително на авторот/авторите и тие не ги отсликуваат оние на Европската Унија или на Извршната агенција за европско образование и култура (EACEA). Европската Унија и EACEA немаат одговорност за тоа.

Co-funded by
the European Union

# 5.1 Игра – пантомима со животни



**1. Вид активност:** Активност во училница

**2. Тема:** Животни

**3. Образовни цели:**

- Развивање вештини за комуникација и тимска работа преку групни активности;
- Развивање на креативноста и имагинацијата;
- Стекнување знаења за различните животни и нивните карактеристики.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:**

- список со имиња на животни (за игра пантомима),
- табла и маркери,
- материјали за цртање,
- целе-плеер за репродукција на песна.

**6. Времетраење:** 45 минути

**7. Главни активности:**

Воведете ја играта пантомима со животни. Децата наизменично глумат животно без да зборуваат додека нивната група погодува. Запишете ги имињата на различни животни на посебни картички. Избраните животни нека бидат разновидни, вклучувајќи цицачи, птици, влекачи и водни животни. Измешајте ги картичките и ставете ги со лицето надолу во кутијата.

Започнете ја активноста со објаснување на правилата на играта пантомима. Нагласете дека за време на играта учесниците треба да го одглумат однесувањето или движењата на некое животно без да зборуваат.

Поделете ги децата во мали групи. Големината на секоја група зависи од вкупниот број ученици. Водете сметка секоја група да има доволно простор да ја изведува пантомимата без да им пречи на другите групи.

Пантомима со животни

Во секоја група еден ученик нека избере картичка со животни без да им ја покаже на другите. Избраниот ученик потоа ги глуми однесувањата или движењата на животното додека остатокот од групата погодува. Ротирајте ја улогата на актерот во секоја група давајќи му можност на секое дете да учествува.

По завршувањето на играта, соберете ги сите групи заедно за завршна дискусија.

Поставувајте прашања, како на пример:

- Што научивте за различните животни за време на активноста?
- Каква улога имаше тимската работа во правилното погодување на животните?
- Дали откривте интересни информации за животните што ги глумевте?

Co-funded by
the European Union

Овозможете ѝ на секоја од групите да изигра повеќе кругови на играта пантомима.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

- Откако децата ќе ги завршат активностите во центрите за учење, се води завршна дискусија, а воспитувачот поставува прашања, пее песни, црта итн.
- Што научија децата за животните за време на активноста?
- Како оваа активност ја подобри тимската работа и комуникацијата во групите?
- Кој беше најпријатниот дел од активноста?
- Охрабрете ги децата да го нацртаат своето омилено животно или сцена од играта пантомима.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Разговарајте со децата што им се допаднало и што научиле за време на активноста. Прегледајте ги образовните цели и прашајте:
- Дали се постигнати целите за комуникација и тимска работа?
- Како активноста ја зголеми креативноста и имагинацијата?
- Кои други активности би можеле да се направат во иднина за да се продолжи со истражување на темата за животните?

**10. Инспирација: Идејата е од Пинтерест**

https://www.pinterest.com/business/hub/

# 5.2 Изработка на маски со животни

**1. Вид активност:** Активност во училницата

**2. Тема:** Креативна ликовна творба – Изработка на маски со животни

**3. Образовни цели:**

- Развивање на креативноста и имагинацијата;
- Развивање на фината моторика преку сечење, лепење и украсување;
- Поттикнување на тимската работа и соработката во групните активности;
- Обезбедување можност за самоизразување.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:**

- картонски или хартиени чинии,
- фломастери, боички,
- лепак и ножици,
- еластична лента или врвка,
- украсен материјал како што се пердуви, самолепливи очиња и лепенки.

**6. Времетраење:** 45 минути

**7. Главни активности:**

Воспитувачот ја објаснува активноста. Поттикнете ги децата да ги истражуваат избраните животни. Овозможете пристап до ресурси соодветни на возраста, како што се книги, слики или онлајн материјали за да им помогнете на децата да соберат информации за животните што ги претставуваат. Нагласете ја важноста од стекнување сознанија за живеалиштата, однесувањето и специфичните особини на животните. Обезбедете материјали за правење маски што претставуваат различни животни.

Користете картонски или хартиени чинии, маркери, боички, лепило, ножици, еластична лента или врвка и разновидни украсни материјали како што се пердуви, самолепливи очиња и лепенки.

Додека децата работат во своите групи за правење маски на животни, иницирајте дискусија за здобиените информации.

Охрабрете ги децата да споделат интересни факти за избраните животни со другите членови на групата.

Поттикнете дискусија за различните живеалишта и екосистемите во кои живеат животните. Поддржете ја тимска работа со тоа што децата ќе соработуваат со цел вклучување на новостекнатите сознанија за животните во нивните изработки на маски.

Овозможете им на децата да ги покажат своите изработки во нивните групи.

**8. Завршни активности – донесување заклучок**

- Прашајте ги децата што научиле за време на активноста.
- Разговарајте за тоа како се подобрени нивната креативност и вештини за тимска работа.
- Охрабрете ги децата да ги споделат своите искуства и чувства за време на процесот на правење маски.
- Вклучете се во забавниот и интерактивниот дел од активноста каде што децата можат да ги покажат своите маски, да одговараат на прашања или дури и да играат улоги на животните што ги создале.
- Завршете ја активноста со пеење песна или изработка на цртежи поврзани со темата на животни.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Поттикнете ги децата да размислуваат за нивните креации и да ги споделат своите размислувања за маските на животни што ги направиле.
- Дискутирајте како активноста придонела за постигнување на образовните цели.
- Овозможете проток на позитивни повратни информации и охрабрете ги децата да го кажат она што најмногу им се допаднало во активноста.
- Утврдете ја важноста на креативноста, соработката и самоизразувањето во процесот на учење.

**10. Инспирација:**

Идејата е од Пинтерест

https://www.pinterest.com/business/hub/

# 5.3 Олимписки игри со животни

**1. Вид активност:**

- Активност во училница
- Активност надвор од училницата

**2. Тема:** Истражување на способностите и карактеристиките на различните животни преку интерактивни и забавни активности.

**3. Образовни цели:**

- Идентификување и разбирање на различните особини и способности на животните;
- Поттикнување на тимска работа и соработка меѓу учениците;
- Проширување на знаењата за различни животински видови;
- Развивање на креативно размислување преку цртање и раскажување приказни.

**4. Целна група:** Ученици на возраст од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:**

- материјали за цртање (хартија, моливи, боички),
- музички систем за репродукција на песни поврзани со животни,
- голема платнена торба.

**6. Времетраење:** 45 минути

**7. Главни активности:** Започнете ја активноста на церемонијален начин, како на пример, пеење химна инспирирана од животни или друга песна за животни. Воведете го концептот „Олимпијада за животни“ и идејата за истражување на разновидните способности на животните.

Фаза на загревање:

Воведете ги учениците во активноста за загревање, при што тие ги имитираат движењата на животните. Поттикнете ги да се истегнуваат, скокаат и имитираат различни движења и дејства на животните.

Креирајте катчиња со забавни и интерактивни игри инспирирани од животни.

- Скокање како зајче: Трка со скокање до целта.
- Фламинго баланс: Предизвик за рамнотежа на едната нога.
- Ползење на желка: Трка со ползење на раце и колена.
- Нишање на мајмун: Активност за нишање на јаже или шипка како мајмун.
- Слонов чекор: Активност со чекорење, каде што учениците имитираат движења на слон.

Поделете ги децата во 2 групи и започнете со трката. Децата прво влегуваат во платнена торба и почнуваат да скокаат како зајче, да ползат како желка итн. Кога ќе ги завршите сите

предизвици, ги собирате бодовите и ја објавувате победничката група.

Дискутирајте за тоа како тимската работа одигра улога во извршувањето на предизвиците. Разговарајте за извлечените поуки и пораки од приказните и поврзете ги со тимската работа и индивидуалните силни страни.

Соберете ги сите тимови за извршување на завршниот дел од активноста. Поставувајте прашања за размислување за тоа што им се допаднало, што научиле и како тимската работа одиграла клучна улога во играта.

Цртање и креативно изразување:

Поттикнете ги децата да ги изразат своите искуства преку цртеж или друга креација. Обезбедете им материјали за ликовни изработки инспирирани од животните.

Церемонија на доделување награди: Завршете со церемонија на доделување награди со оддавање признание за индивидуалните и тимските достигнувања. Доделете сертификати или беџ за учество на „Олимпијада за животни“ на секој учесник.

### 8. Завршни активности – донесување заклучок

- Одржување завршна дискусија со целото одделение.
- Поставување прашања како што се: Што научивте за животните денес?
- Прашување за подобрувања кои произлегуваат од активноста.
- Поттикнување на децата да ги споделат своите искуства преку цртање или други креативни средства.

### 9. Рефлексија, преглед на целите:

- Рефлексија за поставените цели и дискусија за тоа што е постигнато за време на активноста „Олимпијадата за животни“.
- Евалуација на влијанието врз тимската работа, креативноста и знаењата за животните.
- Поттикнување на децата да ги споделат своите перспективи за целокупното искуство и за тоа што најмногу им се допаднало.

### 10. Инспирација:

Гепард-спринт: Временски ограничен спринт

Жирафа-скок во височина: Проверете колку може жирафата да го истегне вратот во височина за да стигне до цел над нејзината главата.

Слоновско кревање тегови: Слоновите можат да ја покажат својата сила со кревање или балансирање тешки предмети.

# 5.4 Куклена претстава со животни

**1. Вид активност:** Активност во училницата

**2. Тема:** Животните и нивните карактеристики

**3. Образовни цели:**

- Идентификување и препознавање различни животни и нивните карактеристики;
- Развивање вештини за тимска работа и комуникација преку групни активности;
- Развивање на креативноста и имагинацијата преку куклена игра;
- Поттикнување на активно учество во процесот на учење.

**4. Целна група**: Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:**

- кукли – животни,
- сцена или определен простор за куклена претстава,
- текст на песна или музика поврзана со животни,
- визуелни помагала или слики од животни,
- книги со приказни за животни,
- материјали за цртање (хартија, боички, фломастери).

**6. Времетраење: 45 мин.**

**7. Главни активности:**

Воспитувачот ја објаснува активноста. Децата избираат материјали за изработка на кукли.

Изберете каков вид изработка од хартија или памучен материјал сакате да направите. Тоа може да биде честитка, животно или кој било друг проект/изработка.

Соберете ги сиот материјал што ви е потребен за вашиот избран проект.

Направете груба скица или план за вашата куклена изработка. Ова ќе ви помогне да го визуелизирате финалниот производ и ќе ви помогне при сечењето и превиткувањето.

Користете ножици за да ги исечете формите што ви се потребни за вашата изработка. Ако сакате да бидете многу прецизни, користете линијар за мерење и обележување пред да почнете да сечете.

Ако вашиот проект вклучува преклопување, внимателно следете ги упатствата. Обележете ги линиите на превиткување со молив или линијар пред да ги превиткате деловите за подобро да ги направите наборите.

Користете лепило или селотејп за да ги споите различните делови на вашата изработка. Следете ги сите упатства за изработката/проектот на кој работите.

Ако сакате да додадете детали или да ја украсите својата изработка по ваша желба, користете фломастери или боички. Бидете креативни со бои и дезени.

Ако сте користеле лепило, оставете го вашиот проект целосно да се исуши пред да го ракувате или да го прикажете.

Co-funded by the European Union

Откако ќе ја направите вашата изработка од хартија, прикажете ја или споделите ја со другите. Тоа може да биде украс, подарок или ликовна изработка.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

Започнете дискусија со учениците поставувајќи ги следниве прашања:

- Што научивте за животните за време на активноста?
- Како се подобри вашето разбирање или знаење преку вашето учеството во оваа активност?

Поставувајте и дополнителни прашања согласно специфичниот фокус на активноста.

Спроведете заклучна дискусија, испејте песна или поттикнете ги децата да изработат цртежи поврзани со куклената претстава со животни.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Размислете дали се постигнати образовните цели.
- Дискутирајте за тоа како куклената претстава придонела за стекнување на повеќе знаења за животните и нивните карактеристики.
- Утврдете ги креативните и колаборативните аспекти на активноста.
- Поттикнете ги учениците да ги споделат своите размислувања и своето искуство.

**10. Инспирација:**

- Приказна: Група животни – пријатели тргнуваат во потрага по скриено богатство и откривање на мистерија во нивната шума. По пат, тие се соочуваат со различни предизвици и извлекуваат силни поуки за важноста на тимската работа и другарството.
- Животни: Храбриот Лав, Итрата Лисица, Љубезниот Зајак и Мудриот Був.

Co-funded by
the European Union

# 5.5 Препознавање траги од животни



**1. Вид активност**: Активност надвор од училница

**2. Тема:** Идентификација на трага на животни

**3. Образовни цели:**

- Препознавање и идентификување на различните траги од животни;
- Разбирање на врската помеѓу однесувањето на животните и нивните трагови;
- Развивање вештини за набљудување во природа.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:**

- теренски ознаки или други ресурси за траги на животни,
- слики на разни траги од животни,
- прибор за пишување за секој ученик,
- информации за просторот за живеење на животните.

**6. Времетраење:** 45 мин.

**7. Главни активности:**

Едукаторот може да започне со групна активност преку поставување прашања за да ги поттикне учениците да размислуваат за животните и нивните траги. Потоа, може да следува групна активност за споделување приказни за следење на животните, важноста на трагите на животните во природата и пронаоѓањето на местото каде што тие живеат и каква животна средина му е потребна на секое животно.

Направете прошетка со учениците во природа или во блискиот зелен појас/парк. Охрабрете ги учениците да го набљудуваат теренот за да пронајдат траги и знаци на животни. Водачите на групите можат да иницираат дискусија за патеките правејќи ја интерактивна и информативна.

По завршувањето на прошетката, соберете ги учениците заедно и разговарајте за трагите на животни кои децата ги забележале за време на прошетката. Користете ги теренските ознаки или ресурси за заеднички да ги идентификувате трагите. Поттикнете ги учениците да ги споделат своите набљудувања и искуства.

Разделете им на учениците примерок на водич или брошура за траги на животни. Учениците во рамките на своите групи создаваат едноставен водич или брошура која содржи цртежи и описи на траги на животни што тие ги идентификувале. Поттикнете ги креативноста и точното претставување на трагите.

Секоја група го презентира својот водич или брошура пред одделението. Дискутирајте за сличностите и разликите во трагите на животни што ги набљудувале различни групи. Истакнете ги важноста на соработката и споделувањето на знаењето.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

Откако децата ќе ги завршат активностите во центрите за учење, се спроведува завршна дискусија, а воспитувачот поставува прашања, пее песни и ги поттикнува учениците да цртаат.

Примери на прашања:

- Што научивте за трагите на животните?
- Кој е позитивниот ефект врз природата од разбирањето и идентификувањето на трагите на животните?
- Кои други прашања или размислувања ги имате на ум за животните и за следењето на нивните траги?

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

Поттикнете ги учениците на размислување. Поставувајте им прашања, како на пример:

- Што научивте за трагите на животните за време на прошетката во природа?
- Како работата во групи го подобри вашето искуство?
- Што ти беше особено интересно за време на активноста?

**10. Инспирација:**

- Приказна: Група пријатели – животни тргнуваат во потрага по скриено богатство или откривање мистерија во нивната шума. По пат, тие се соочуваат со различни предизвици и извлекуваат силни поуки за тимската работа и другарството.
- Животни: Храбриот Лав, Итрата Лисица, Љубезниот Зајак и Мудриот Був.

# 5.6 Чистење на живеалиштата на животните во заедницата

**1. Вид активност:** Активност надвор од училницата

**2. Тема:** Чистење на живеалиштата на животните во заедницата

**3. Цели на учењето:**

- Подигање на свеста за важноста од одржување на чиста и безбедна средина за животните.
- Развивање на чувство за одговорност и вклученост во заедницата кај учениците.
- Поттикнување на тимската работа и соработката.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:**

- ракавици,
- кеси за отпадоци,
- средства за дезинфекција на рацете,
- едукативни материјали за локалната фауна и нивните живеалишта,
- тврда подлога и хартија за евидентирање на опсервациите.

**6. Времетраење:** 45 минути

**7. Главни активности:**

Едукаторот ги дели учениците во помали групи применувајќи го принципот на различност во секоја група со цел да поттикне соработка и комуникација. Потоа, ја започнува активноста преку пеење интерактивна и весела песна поврзана со зачувување на животната средина. Ова ќе ѝ придодаде позитивна и ентузијастичка нота на активноста.

Секоја група се вклучува во структурирана дискусија која ја поттикнува воспитувачот. Се поставуваат прашања, како на пример:

- Зошто е важно да се одржуваат чисти живеалиштата на животните?
- Како загадувањето влијае на дивиот свет?
- Каква улога играат луѓето во одржувањето на здрава животна средина за животните?

Подготовка за чистење:

Накратко објаснете го процесот на чистење, разделете го потребниот материјал (ракавици, кеси за отпадоци итн.) и нагласете ги безбедносните препораки. Групите започнуваат со чистење на заедницата фокусирајќи се на одредени области. Едукаторите и волонтерите ги надгледуваат и водат учениците за време на чистењето.

Учениците додека чистат ги евидентираат своите опсервации на лист хартија прицврстен на цврста подлога. Охрабрете ги учениците да ги забележат сите видови пронајдени отпадоци, нивното влијание врз животната средина и некои други интересни откритија. По расчистувањето, групите се враќаат во централниот простор за да го сортираат и категори-

зираат собраниот отпад. Ова дава можност за понатамошна дискусија за видовите отпад и нивната потенцијална штета.

Завршете ја активноста со пофалба истакнувајќи ги вложениот труд и енергија на учениците. Во овој дел може да вклучите симболичен гест во знак на грижа за животната средина, како што е засадување дрво или создавање заедничка ликовна изработка како одраз на посветеноста на учениците во зачувувањето на животната средина.

Секоја група го споделува своето целокупно искуство, како и извлечените поуки од чистењето. Воспитувачот ја поттикнува завршната рефлексија навраќајќи се на првичните прашања и цели. Ова го зајакнува чувството за исполнување на одредена цел кај учениците и ги зацврстува образовните аспекти на активноста.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

- Откако децата ќе ја завршат активноста за чистење, соберете се како група за спроведување завршна дискусија.
- Поставувајте прашања, како на пример:
- Што научивте од активноста за чистење?
- Како се подобрува животната средина со оваа активност?
- Кои други активности можат да се преземат во иднина кои ќе дадат придонес кон зачувување на живеалиштата на животните?

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Спроведете рефлексија каде што учениците ги споделуваат своите искуства и набљудувања.
- Утврдете ги образовните цели и дискутирајте како чистењето на заедницата придонесува за постигнување на овие цели.
- Поттикнете ги учениците да размислуваат за тоа како можат да ги применат овие сознанија во секојдневниот живот.

**10. Инспирација:**

Организирањето на заедницата за чистење на живеалиштата на животните е прекрасна иницијатива која е од огромно значење за локалниот див свет и за животната средина.

Co-funded by
the European Union

# 5.7 Градина за дивиот свет во заедницата

**1. Вид активност:** Активност надвор од училницата

**2. Тема:** Создавање и одржување градина во заедницата за поддршка на дивиот свет

**3. Образовни цели:**

- Разбирање на важноста од создавање живеалишта за дивиот свет;
- Стекнување знаења за различните растенија и нивната улога во поддршката на локалните екосистеми;
- Развивање вештини за тимска работа и соработка преку групни активности;
- Подигање на еколошката свест и одговорност.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:**

- градинарски алат (лопати, гребла, ракавици),
- семиња и растенија кои виреат во локалниот див свет,
- конзерви или црева за полевање,
- материјал за цртање во завршната активност.

**6. Времетраење**: 45 мин.

**7. Главни активности:** Започнете ја активноста преку воведување на концептот за создавање градина во заедницата за дивиот свет. Објаснете ја важноста од поддршката на локалните екосистеми и улогата што учениците ќе ја играат во овој проект. Формирајте групи со делење на учениците врз основа на нивните интереси или распоредувајќи ги по случаен избор.

Поставувајте прашања, како на пример:

- Зошто живеалиштата на дивиот свет се неопходни за животната средина?
- Зошто поддршката на локалните екосистеми е од големо значење за дивиот свет и за луѓето?

Работа во градината: Обезбедете ѝ на секоја група градинарски алат, семиња и растенија што виреат во локалниот див свет. Помогнете им на децата во процесот на садење и водење грижа за градината. Нагласете го значењето на изборот на автохтони растенија кои го поддржуваат локалниот биодиверзитет. Потоа, соберете ги групите заедно и споделете приказни или анегдоти за позитивното влијание на градините во заедницата врз локалниот див свет и екосистемите. Поттикнете ги учениците да ги поврзат овие приказни со нивните сопствени градинарски искуства за време на активноста.

Кажете им на учениците да ја истражуваат градината и да ги набљудуваат сите непосредни интеракции со локалниот див свет. Дискутирајте за она што го забележале и поврзете го тоа со важноста од создавање пријатна средина за различните видови.

Co-funded by the European Union

**8. Завршни активности – донесување заклучок**

- Соберете ги групите заедно за завршна дискусија.

Поставете прашања, како на пример:

- Што научивте за време на градинарската активност?
- Како мислите дека локалната средина се подобрува со создавање на оваа градина во заедницата?

Откако децата ќе ги завршат активностите во центрите за учење, ќе се спроведе завршна дискусија. Воспитувачот поставува прашања, како на пример:

- Што научија децата за создавање заедничка градина за дивиот свет?
- Како се подобрува локалната средина со оваа активност?
- Поттикнете ги децата да ги споделат своите мисли и размислувања преку цртање, пеење или на друг креативен начин.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Навратете се на првичните образовни цели и дискутирајте како активностите придонеле за нивното постигнување.
- Дискутирајте со децата за нивното искуството од заедничката работа во групи и како тоа го подобрува нивното разбирање за одговорноста кон животната средина.
- Поттикнете ги учениците да ги споделат своите размислувања за генералното влијание на проектот за создавање градина во заедницата врз други проекти кои се однесуваат на дивиот свет.

**10. Инспирација:**

Идејата е од Јутјуб

https://youtu.be/F108Gk7WNzg?si=zIAtIa9V3yDSJ6c0

Co-funded by the European Union

# 5.8 Час за готвење – подготовка на слатки на тема животни

**1. Вид активност:** Активност во училницата

**2. Тема:** Подготвување слатки (грицки) на тема животни

**3. Образовни цели:**

- Да се зајакне креативноста и фините моторни вештини на учениците преку практично готвење;
- Да се воведат основни техники за готвење и безбедност во кујната;
- Да се промовира тимска работа и соработка преку групни активности;
- Да се зајакне знаењето за различните животни и нивните карактеристики.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:**

- состојки за приготвување слатки/грицки на тема животни,
- прибор за готвење,
- престилки, картички со рецепти,
- дополнителни материјали за цртање или украсување.

**6. Времетраење:** 45 мин.

**7. Главни активности:**

Започнете со пеење весела песна поврзана со животни за да создадете забавна атмосфера. Дискутирајте со учениците за важноста на тимската работа, безбедноста во кујната и воведете ја активноста за подготовка на слатки на тема животни.

Започнете групна дискусија за птиците, нивните гнезда и нивната исхрана. Поставувајте прашања, како на пример:

- Што јадат птиците?
- Како птиците ги градат своите гнезда?
- Зошто гнездата се важни за птиците?
- Воведете го концептот за подготовка на закуска „птичјо гнездо“ од ѓевреци, чоколади и бонбони во вид на јајца. Нагласете ја важноста на тимската работа и безбедноста на кујната за време на процесот на готвење.

Активност за готвење:

Водете ги групите низ процесот на создавање закуски „птичјо гнездо“. Научете ги како да користат ѓевреци за да формираат гнезда, стопете чоколадо за да ги врзат ѓевреците заедно и внимателно ставете бонбони јајца во гнездата. Ова практично искуство ги подобрува нивните фини моторни вештини и воведува основни техники за готвење.

Co-funded by the European Union

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

Поставувајте прашања, како на пример:

- Што научивте за време на часот по готвење?
- Како работата во група придонесе во активноста на готвење?
- На кој начин оваа активност ги подобри вашите вештини или знаења?

Спроведете завршна дискусија, испејте песна поврзана со темата и дозволете им на децата да ги покажат своите кулинарски изработки.

Охрабрете ги децата да цртаат или да направат други изработки поврзани со подготовката на закуските на тема животни.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

Дискутирајте со учениците:

- Кој беше најинтересниот дел од часот по готвење?
- Како активноста придонесе за стекнување повеќе сознанија за животните и готвењето?
- Дали целите на учењето се постигнати? Доколку не се, што би можело да се подобри за следниот пат?

**10. Инспирација:**

Часовите за готвење на тема животни може да бидат многу забавни и можат да ја инспирираат креативноста во кујната.

Co-funded by
the European Union



# 5.9 Колаж на синџирот на исхрана

**1. Вид активност:** Активност надвор од училницата

**2. Тема:** Разбирање на концептот синџир на исхрана во екосистемите

**3 Образовни цели:**

- Да се разбере концептот на синџир на исхрана;
- Да се идентификуваат и разликуваат производителите, потрошувачите и разградувачите;
- Да се разбере меѓузависноста на организмите во еден екосистем.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:**

- слики или илустрации на разни растенија и животни,
- ножици,
- лепило,
- големи листови хартија или картон,
- фломастери или боички.

**6. Времетраење:** 45 мин.

**7. Главни активности:**

Објаснете им ја на учениците целта на активноста и формирајте мали групи. Накратко разговарајте со нив за важноста од разбирањето на синџирот на исхрана во природата. Наведете јасни упатства за активноста на изработка на колаж на синџирот на исхрана.

Охрабрете ги учениците да ги истражуваат своите локални екосистеми преку изработка на визуелен  приказ на синџирот на исхрана. Во оваа активност, учениците можат да идентификуваат различни животни од својата околина и да ги прикажат своите меѓусебни врски во синџирот на исхраната прикажувајќи го протокот на енергија од еден до друг организам. Оваа практична вежба не само што го подобрува разбирањето на учениците за еколошките односи туку и ја побудува нивната свест за заштита на разновидните диви животни во нивната непосредна околина.

Поделете им на учениците материјали и објаснете им како да ги искористат при креирањето на колажот. Нагласете ја важноста од вклучување на производителите, потрошувачите и разградувачите во колажите.

Потоа, групите работат на своите колажи, притоа сечејќи ги сликите и распоредувајќи ги за да прикажат синџир на исхрана.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

Откако децата ќе завршат со изработката на колажите за синџирот на исхрана, спроведете ја завршната дискусија. Поставувајте прашања, како на пример:

- Што научивте денес за синџирот на исхрана?

- Како секој организам зависи од другите организми во синџирот на исхрана?
- Какво е влијанието врз екосистемот доколку еден дел од синџирот на исхрана е нарушен?
- Поттикнете ги децата да ги споделат своите размислувања преку цртеж, пеење на песна или други креативни изрази.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Навратете се на целите на учење поставени на почетокот на активноста.
- Разгледајте ги изработените колажите од секоја група дискутирајќи за тоа колку добро тие претставуваат еден функционален синџир на исхрана.
- Резимирајте за клучните концепти и нагласете ја важноста од разбирање на синџирот на исхрана во одржувањето на еколошката рамнотежа.

**10. Инспирација:**

Создавањето колаж на синџир на исхрана е извонреден начин за визуелно прикажување на протокот на енергијата и хранливите материи низ екосистемот.

Co-funded by
the European Union

# 5.10 Истражување на интерактивни мапи

**1. Вид активност:** Активност во училницата

**2. Тема:** Географија и истражување на светот

**3. Образовни цели:**

- Развивање основни знаења за географија и вештини за читање карти;
- Поттикнување на тимската работа и соработката преку групни активности;
- Поттикнување на љубопитност и интерес за различни култури и земји.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:**

- карати на светот (физички или дигитални),
- фломастери, боички и прибор за цртање,
- проектор или паметна табла за интерактивни мапи,
- цеде-плеер за репродукција на песна.

**6. Времетраење:** 45 минути

**7. Главни активности:**

Воспитувачот ги дели децата во групи. Ги поттикнува на дискусија и критичко размислување за географија преку поставување прашања.

Воспитувачот обезбедува големи и детални карти на светот или децата сами креираат свои мапи на хартија со големина на постер.

Исто така, обезбедете прибор за боење, фломастери и друг ликовен материјал за децата да можат да ги направат картите според сопствената замисла. Објаснете им го концептот на живеалиште на учениците нагласувајќи дека различни животни бараат специфични животни средини. Едукаторот изнесува информации или ресурси за различни животни и за нивните природни живеалишта. Тука може да се споменат поларните мечки на Арктикот, кенгурите во Австралија, слоновите во Африка итн. Децата во рамките на своите групи ги обележуваат живеалиштата на различни животни на своите карти користејќи симболи, бои или лепенки.

Користете интерактивни мапи (физички или дигитални) за да го направите истражувањето поинтересно. Дозволете им на децата виртуелно да истражуваат различни региони, да зумираат живеалишта и да научат повеќе за животните што ги населуваат тие области.

Поттикнете ги децата да цртаат, бојат или да направат други изработки за да им овозможите да ја изразат својата перцепција за живеалиштата на животните. Така, тие можат да изработат колаж, макета или друг вид визуелен приказ на одредено живеалиште.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

Откако децата ќе ги завршат активностите во центрите за учење, се спроведува завршна дискусија.

Поставете прашања, како на пример:

- Што научивте за време на активноста?

- Како се подобри вашето разбирање на географијата?
- Охрабрете ги децата да ги споделат своите искуства и согледувања.
- Поттикнете цртање или други креативни методи за изразување на стекнатите знаења.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Размислете за целите на учење поставени на почетокот на активноста.
- Дискутирајте за тоа како интерактивните мапи придонесоа за постигнување на овие цели.
- Утврдете кои аспекти на тимската работа, стекнатите знаења од географија и љубопитноста се подобрени преку оваа активност.
- Поттикнете ги учениците да поставуваат прашања и да ги искажат своите размислувања за активноста.

**10. Инспирација:**

Интерактивните мапи се продуктивен начин за поттикнување интерес кај корисниците, како и за динамично обезбедување информации.

Co-funded by
the European Union

# 5.11 Потрага во природа – уживање во храна

**1. Вид активност:** Активност надвор од училница

**2. Тема:** Истражување и љубов кон природата

**3. Образовни цели:**

- Идентификување и набљудување на различните елементи на природата;
- Развивање тимска работа и вештини за соработка преку групни активности;
- Истакнување на важноста на животната средина;
- Подобрување на вештините за набљудување и решавање проблеми.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:**

- подметнувач со штипка,
- хартија и моливи,
- лупа (по избор),
- двоглед (по избор),
- теренска книга – водич (по избор),
- кеси или контејнери за собирање предмети.

**6. Времетраење:** 45 мин.

**7. Главни активности:** Воспитувачот може да ги подели децата во групи. Објаснете ги правилата на играта „Потрага во природа“ и поделете им ги материјалите на децата.

Дајте им време на групите да ја истражуваат природата наоколу и да ги најдат предметите од списокот на играта „Потрага во природа“.

Траги од елени: Трагите од елени имаат карактеристична форма на копито со раздел. Овие животни играат клучна улога во редуцирањето на вегетацијата преку пасење и со тоа помагаат во одржувањето на балансиран екосистем. Исто така, со своето присуство тие привлекуваат предатори и на тој начин придонесуваат за севкупниот биодиверзитет на дадена област.

Гнезда на птици: Гнездата на птиците може да се најдат на дрвјата, во грмушките, па дури и на земја. Птиците се од суштинско значење за опрашување и расејување на семињата и со тоа го овозможуваат растот на различни растителни видови. Тие, исто така, контролираат одредени видови на инсекти служејќи како природни контролори на штетници во екосистемот.

Живеалишта на пеперутки: Пеперутките со нивниот нежен допир на цвеќињата се важни опрашувачи. Тие помагаат во репродукцијата на цветните растенија обезбедувајќи разновидност и изобилство на растителни видови во екосистемот.

Браните на дабарите: Дабарите прават брани во водни корита и на тој начин влијаат на протокот и дистрибуцијата на водата. Тоа влијае на околната вегетација и создава нови живеалишта за различни водни видови. Затоа дабарите се сметаат за клучни видови кои ја обликуваат природата и го поддржуваат биодиверзитетот.

Co-funded by the European Union

Гнезда на верверички: Верверичките градат гнезда на дрвјата користејќи лисја и гранчиња. Тие придонесуваат за растурање на семињата со тоа што ги собираат, а потоа ги складираат и на тој начин овозможуваат раст на нови растенија. Верверичките служат и како плен за поголемите предатори придонесувајќи за целокупната рамнотежа на екосистемот.

Траги од ракун: Ракуните имаат карактеристични отпечатоци на шепите и се сештојадци. На тој начин имаат улога во контролирањето на одредени видови инсекти и мали цицачи. Нивните навики за потрага по храна помагаат да се одржи рамнотежа во екосистемот и да се спречи преголемата присутност на одредени видови.

Мравјалници: Мравките се инженери на екосистемот создавајќи сложени подземни структури кои ја проветруваат почвата и го подобруваат протокот на хранливи материи. Тие, исто така, играат улога во растурањето на семињата и придонесуваат за распаѓање на органската материја и влијаат на растот на растенијата.

Спроведете групна дискусија со децата со цел споделување на искуства и сознанија. Раскажете приказни или интересни факти за пронајдените предмети.

### 8. Завршни активности – донесување заклучок:

Поставувајте прашања, како на пример:

- Што научивте за време на играта „Потрага во природа“?
- Како работата во група го подобри вашето искуство?
- На кој начин природата придонесува за нашата благосостојба?
- Охрабрете ги децата да ги изразат своите размислувања преку цртеж или на друг креативен начин.

### 9. Рефлексија, преглед на целите:

- Дискутирајте со учениците како активноста ги исполнила образовните цели.
- Размислете за важноста на природата и како играта „Потрага во природа“ придонесе за развивање на разбирање и љубов кон природата.
- Поттикнете позитивни повратни информации за тимската работа, вештините за набљудување и ангажираноста во текот на активноста.

### 10. Инспирација:

Учесниците ги ценат благодатите на храна што ни ги дарува природата, притоа уживајќи во забавна и сензорна активност.

# 5.12 Потрага во природа – домови за живеење

**1. Вид активност:** Активност надвор од училница

**2. Тема:** Истражување и љубов кон природата

**3. Образовни цели:**

- Развивање вештини за набљудување;
- Стекнување знаење за различните елементи на природата;
- Поттикнување на тимска работа и соработка;
- Разбирање на важноста на животната средина.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:**

- список на предмети што ќе се бараат во играта „Потрага во природа“,
- подметнувач со штипка и лист хартија за секоја група,
- прибор за пишување,
- двоглед (по избор),
- лупа (по избор),
- теренска книга – водич (по избор).

**6. Времетраење:** 45 мин.

**7. Главни активности:**

Воспитувачот треба да избере соодветна локација: Идентификувајте локален парк или зачуван дел на природа богат со разновидни флора и фауна. Проверете ја безбедноста на локацијата, како и достапноста согласно на возрасната група со која работите. Доколку е потребно, побарајте ја потребната дозвола за да ја спроведете играта „Потрага во природа“ на избраната локација. Составете список на животни или нивни траги што можат да се најдат таму. Тоа може да вклучува траги, пердуви, гнезда или дури и специфични видови растенија.

Поделете ги децата во мали групи. Секоја група би требало да биде комбинација од различна возраст и компетенции на децата со цел поттикнување на соработка.

Започнете ја активноста со краток вовед во играта. Објаснете ги правилата, нагласете ја важноста од почитување на природата и, исто така, обезбедете напатсвија за безбедност.

Поделете ги списоците на предмети што треба да се бараат во природа. Вклучете слики или описи на животни или, пак, траги за да им помогнете на помалите учесници. Обезбедете и на секоја група подметнувач со штипка и прибор за пишување за евидентирање на она што ќе го забележат.

Пуштете ги групите слободно да шетаат низ паркот/природата за да ги бараат предметите од списокот. Охрабрете ги внимателно да истражуваат и да ја набљудуваат околината. По-

трудете се да обезбедите алатки како двоглед или лупа за да го направите истражувањето поинтересно.

Дискусија и истражување:

По завршувањето на играта, соберете ги сите групи заедно.

Дискутирајте за секој предмет од списокот дозволувајќи им на децата да ги споделат своите сознанија. Ако нашле траги или пердуви, разговарајте за животните на кои тие им припаѓаат.

Истражете го концептот на живеалишта зборувајќи за тоа каде најчесто може да се најде секое идентификувано животно и зошто.

### 8. Завршни активности – донесување заклучок:

Откако децата ќе ја завршат потрагата во природа, соберете ги заедно како група и спроведете завршна дискусија. Прашања што можете да ги поставите:

- Што научивте за време на активноста?
- Како се подобрува животната средина преку водењето грижа и разбирањето на природата?
- Поставете и други прашања што поттикнуваат рефлексија за искуството.

### 9. Рефлексија, преглед на целите:

- Поттикнете ги децата да размислуваат за нивното искуство за време на потрагата во природа.
- Прегледајте ги образовните цели и дискутирајте за тоа како е исполнета секоја цел.
- Охрабрете ги децата да ги споделат своите размислувања, цртежи или предмети што и собрале за време на потрагата.
- Резимирајте со донесување на заклучок за важноста на почитувањето и поврзувањето со природата.

### 10. Инспирација:

Играта „Потрага во природа“ во вашиот дом може да биде извонреден начин за поврзување со природата и изведување забавни и едукативни активности. Без оглед дали имате голем двор, мала градина, па дури и само балкон со неколку растенија, вие секако можете да ја спроведете играта „Потрага во природа“ на начин што одговара на вашиот простор.

# 5.13 Работилница за хранилки на верверички

**1. Вид активност**: Активност надвор од училница

**2. Тема:** Однесување на верверица и еколошка свест

**3. Образовни цели:**

- Разбирање на однесувањето на верверицата и нејзиното живеалиште;
- Поттикнување на грижа за дивиот свет;
- Подобрување на вештините за тимска работа и соработка;
- Поттикнување на креативноста преку изработка на хранилки за верверички;
- Промовирање на еколошката одговорност.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:**

- дрво,
- шајки,
- чекани,
- боја, четки,
- жици,
- семиња,
- други материјали за изработка на хранилки за верверички.

**6. Времетраење:** 45 мин.

**7. Главни активности:**

Поделете ги децата во групи. Започнете со песна поврзана со зачувување на природата или дивиот свет. Развијте групна дискусија преку прашања за верверичките, нивните навики и важноста да им се обезбеди храна.

Подготовка: Подгответе простор со работни станици за секоја група. Погрижете се секоја група да ги има потребните материјали. Накратко разговарајте за важноста од обезбедување храна за верверичките и нивната улогата во зачувувањето на дивиот свет.

Обезбедете за секоја група дрвени панел-плочи, шајки и чекани. Дајте им ги потребните насоки во процесот на конструирање едноставна хранилка за верверици. Децата можат да направат платформа со закована заштитни страничници каде што ќе се стави семе за птици или ореви. Поставете станица за сликање каде што учениците ќе можат да ги обојат по своја желба своите хранилки за верверици. Поттикнете ги да користат живописни бои и дизајни.

Откако бојата ќе се исуши, помогнете им на групите да ги постават хранилките. Проверете дали се цврсти и безбедни за надворешна употреба. Прикачете жици на хранилките за да може да ги закачите на гранка или други надворешни структури. На секоја хранилка ставете семе за хранење птици или ореви. Разговарајте за важноста на избор на соодветна храна за верверичките.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

- Откако децата ќе завршат со изградбата на хранилки за верверички во центрите за учење, се спроведува завршна дискусија.
- Воспитувачот поставува прашања, како на пример:
- Што научивте за верверичките и нивното живеалиште?
- Како се подобрува животната средина со обезбедување храна за верверичките?
- Охрабрете ги децата да ги споделат своите размислување, да пеат песни поврзани со природата или да изработат цртежи.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Размислете за образовните цели дискутирајќи за тоа што децата го постигнале за време на активноста.
- Утврдете како тимската работа, креативноста и еколошката свест беа поттикнати преку изградбата на хранилки за верверички.

**10. Инспирација:**

Идејата е да им се обезбеди храна и полесен пристап на верверичките.



Co-funded by
the European Union

# 5.14 Виртуелно зоо-сафари

**1. Вид активност:** Активност во училница (спроведена виртуелно, на Гугл, Јутјуб)

**2. Тема:** Истражување на дивиот свет и живеалиштата преку виртуелно зоо-искуство

**3. Образовни цели:**

- Запознавање на учениците со различните животни и нивните живеалишта;
- Подобрување на вештините за набљудување и слушање;
- Поттикнување тимска работа и групна дискусија;
- Поттикнување на креативноста преку цртање и изразување.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години.

**5. Потребни материјали:**

- уреди поврзани на интернет (компјутери, таблети или паметни телефони),
- софтвер за обиколка на виртуелна зоолошка градина или пристап до веб-локација,
- материјали за цртање (хартија, моливи, боички).

**6. Времетраење:** 45 мин.

**7. Главни активности:**

Воспитувачот ги дели децата во групи. Започнете ја сесијата со весела и едукативна песна поврзана со дивиот свет.

Спроведете виртуелно сафари во зоолошката градина, каде што секоја група истражува различни делови од зоолошката градина преку онлајн ресурси. Учениците можат виртуелно да ги посетат поставките на животни, да научат за нивните карактеристики и да го набљудуваат нивното однесување во нивните живеалишта. Тие можат да научат за храната што ја јадат животните, колку често се храната и како ја наоѓаат храната.

По виртуелното сафари, поведете структурирана дискусија со групите. Поставувајте прашања поврзани со животните со кои се сретнале, поттикнувајќи критичко размислување и споделување на набљудувањата. Тоа ги поттикнува комуникациските вештини и го зајакнува искуството за учење. Споделете интересни приказни за живеалиштата на животните, нивното однесување и нивните специфични карактеристики, навиките во исхраната, храната, времето за оброци. Оваа сесија за раскажување приказни додава наративна димензија на виртуелното искуство подобрувајќи ги разбирањето и поврзувањето на децата со дивиот свет.

Дозволете ѝ на секоја група креативно да ги изрази своите размислувања и искуства. Тоа може да вклучува цртање на нивното омилено животно, создавање групен колаж или дури и компонирање кратка песна поврзана со нивната виртуелна авантура во зоолошката градина. Ова ги поттикнува креативноста, тимската работа и индивидуалното изразување.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

- По виртуелното сафари во зоолошката градина, спроведете завршна дискусија каде што децата ги споделуваат своите искуства.
- Поставувајте прашања, како на пример:

- Што научивте за животните?
- Како виртуелното сафари го подобри вашето разбирање за дивиот свет?
- Кој беше вашиот омилен дел од активноста?
- Охрабрете ги децата да ги искажат своите размислувања преку цртање, пеење или други креативни форми.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Размислете за образовните цели и дискутирајте како виртуелното сафари во зоолошката градина придонесе за нивно постигнување.
- Поттикнете ги учениците да ги споделат своите сознанија за она што го постигнале за време на активноста.
- Потенцирајте ги важноста на зачувувањето на дивиот свет и улогата што секој човек може да ја има во заштитата на животната средина.

**10. Инспирација:**

Идејата е децата да го видат дивиот свет, како и начинот на кој живеат животните.

https://youtu.be/eyAxQxtmzl0?si=OsaYO7GgP0QQ1lIQ



# 5.15 Работилница за нега на животни со присуство на ветеринар

**1. Вид активност:** Активност надвор од училница

**2. Тема:** Грижа за животните

**3. Образовни цели:**

- Разбирање на основните потреби на животните;
- Стекнување знаења за различните видови животни и нивните специфични потреби за грижа;
- Стекнување знаења за улогата на ветеринарот во грижата за животните;
- Развивање емпатија и одговорност кон животните.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:**

- табла и маркери,
- визуелни помагала (слики на животни, ветеринарни алатки итн.),
- материјали за цртање,
- простор за активности на отворено,
- гостин ветеринар.

**6. Времетраење**: 45 мин.

**7. Главни активности:**

Вовед од страна на ветеринарот. Ветеринарот започнува со претставување и објаснување на неговата улога во грижата за животните. Тој/таа споделува интересни приказни или искуства од неговата/нејзината работа за да го привлече вниманието на децата.

Едукаторот ги организира учениците во помали групи за да овозможи понепосредна интеракција за време на работилницата. Секоја група разговара со ветеринарот поставувајќи прашања за различни животни, нивните навики и важноста на соодветната грижа. Ветеринарот покажува визуелни помагала и дава практични совети за одговорно поседување на домашно милениче.

Следува уште една сесија со групни активности каде што ветеринарот споделува интересни приказни за конкретни животни за кои се грижел/а. Приказните го истакнуваат значењето на емпатијата, како и одговорните постапки кон животните.

Започнете завршна групна дискусија со децата. Охрабрете ја секоја група да сподели нешто интересно што научила или да постави некое прашање.

Завршна песна и сесија на цртање. Завршете ги активностите со песна поврзана со грижа за животните.

Поттикнете ги децата да го споделат својот омилен дел од работилницата или некои нови стекнати сознанија за животните.

**8. Завршни активности – донесување заклучок :**

- Што научија децата за време на работилницата?
- Како се подобрува грижата за животните преку разбирање на нивните потреби?
- Споделете интересни сознанија или искуства од работилницата
- Испејте песни поврзани со темата на работилницата
- Сесија на цртање каде што децата можат да го илустрираат она што го научиле

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Размислете дали се исполнети образовните цели
- Разговарајте за предизвиците со кои се соочувате или за областа каде што е потребно подобрување
- Поттикнете ги децата да ги споделат своите размислувања и чувства за работилницата
- Истакнете ги клучните поенти и поттикнете континуиран интерес за грижа за животни-те.

**10. Инспирација:** Link:

# 5.16 Живеалиштата на животните

**1. Вид активност:** Подготовка како проект во едно одделение на ниво на паралелки или низ одделенија; спроведување како активност во и за целата училишна заедница

**2. Тема:** Животно

**3. Образовни цели:**

Учениците се способни да:

- Истражуваат за тоа како различни животни можат да се најдат во различни живеалишта и се приспособени на средината во која живеат;
- Знаат што е животна средина и живеалиште;
- Знаат дека различни животни имаат различни живеалишта;
- Ги пронајдат и идентификуваат сличностите и разликите помеѓу локалните животни средини;
- Учествува активно во училишната заедница;
- Ги развијат своите комуникациски вештини;
- Ги користат и да ги подобрат своите ментални аритметички вештини.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години, цела училишна заедница

**5. Потребни материјали:**

- Слики од животни,
- компјутерски проектор,
- презентација со анимации,
- црвени и зелени картички.

**6. Времетраење:**

Подготвителна фаза

(во зависност од бројот и организацијата на вклучените ученици)

- 45 минути: Презентација на компјутер; Договор за идејата и нејзина реализација [6 недели однапред]
- 45 минути: Правење картички, сечење слики, работен лист [2 недели претходно]
- 45 минути: Поставување на училницата

Имплементација

2 часа попладне (+ поставување)

**7. Главни активности:**

Целта на оваа активност е стекнување знаења за условите за живот на животните што живеат во поларните предели. Истовремено преку организација и спроведување на активноста

се увежбуваат основните вештини (комуникација, визуелизација, креативност).

Прелиминарни размислувања

Учењето за живеалиштата и животната средина не е активност за само еден наставен час, туку тоа е проект кој е потребно да се одвива во одреден временски период. Во исто време, сепак, тоа подразбира и многу поголем обем на организација однапред. Во тој контекст, потребно е следните прашања да се разгледаат однапред:

Кој ќе ја организира оваа активност?

Индивидуални наставни часови, часови со едно одделение или проектен тим од заинтересирани ученици од сите одделенија?

За кого ќе биде активноста? Дали активноста е организирана исклучиво од и за ученици? Дали е организирана од едукатори и ученици едукатори? Дали ќе биде отворена за други ученици?

Во зависност од ова, има и други прашања што треба да се разгледаат, барем делумно, од одговорните едукатори:

- Каде треба да се одвива активноста? (Внатре или надвор? Во различни училници, во заедничка просторија/трпезарија, во хол? Во училишниот двор, на соодветно место во соседството? Со кого мора да се координира ова и какви овластувања можеби ќе се бараат?)
- Кога треба да се одржи активноста? (Во кој период од учебната година е добро време за учениците? Со какви настани може да се комбинира?)
- За што можат самите ученици да преземат одговорност? Што можат учениците да подготват/организираат/креираат? Кој ќе ги води?

**ПОДГОТВИТЕЛНА ФАЗА**

Договор за идејата и нејзина реализација.

Првиот чекор е да се елаборира идејата за активноста за живеалиште на животно заедно со учениците. Претходно, треба да се разјаснат сите услови на организациската рамка врз кои учениците немаат влијание или за кои сè уште не се во можност да ги оценат или евалуираат (види погоре).

Оваа наставна единица ги собира сите ученици што ќе сакаат да се вклучат во организацијата на активноста.

Најпрво, може да се спроведе отворена сесија на бура на идеи, која може да се искористи за собирање идеи на тема поларни животни.

- Кој живее во поларните места?
- Што можете да видите таму?
- Зошто одредени видови животни живеат во поларните предели?
- Што јадат животните што живеат во поларните предели?
- Дали животните што живеат во поларните предели можат да преживеат во потоплите региони?

Co-funded by
the European Union

Врз основа на ова, се решаваат и дискутираат релевантните прашања за организација на активноста. Следниот образец – подготвен како презентација, на пример – може да се користи за структурирање. Предлозите и идеите на учениците може директно да се зададат и да се соберат овде. Шаблонот треба да се приспособи во рамките на вашите сопствени услови. Ако, на пример, датумот или локацијата се веќе однапред одредени од страна на наставниот тим, тоа може однапред да се внесе како сет ставка.

Промоција на живеалиштата на животните

Тимот за промоција ја подготвува презентацијата користејќи ги датумите наведени во првата сесија. Претходно, учениците размислуваат за тоа како и каде најдобро можат да најдат информации, какви информации ѝ се потребни на јавноста и дали податоците треба да се презентираат на одреден начин за да стигнат до целната група (особено визуелно за помалите ученици и учениците со тешкотии во читањето, тешкотии во совладување на други јазици итн.)

Учениците можат индивидуално да ги направат презентациите и да креираат различни дизајни на постери или да соработуваат за изработка на дизајн кој потоа ќе се репродуцира.



Co-funded by
the European Union






Co-funded by
the European Union




**8. Завршни активности –** донесување заклучок:

Организацискиот тим е одговорен за практичната имплементација:

- Што е потребно за активноста?
- Каде да се поставаат картичките во боја?
- Кога да се поделат работните листови?
- Каде да се поставаат цртежите на животните?
- Дали треба да важат одредени правила за размената и, доколку е така, како и каде ќе бидат објавени?
- Преку бура од идеи учениците го искажуваат своето мислење, кое за нив е претставено со зборот живеалиште – дом. Ги наведуваат видовите живеалишта и животните што живеат во нив, а воедно при презентацијата имаат визуелен приказ.
- Преку презентација и појаснувања од наставникот учениците учат за тоа што е живеалиште и како животните се приспособуваат на животот во самата средина: со изглед, боја, големина, исхрана...
- Слајдови што прикажуваат животна средина – шума, живеалишта во шумата.
- Слајдови со животни што живеат на фарма, пустина, во поларните региони.
- Преку квиз се одговараат прашања.
- Наставникот ги чита прашањата за квизот од презентацијата, учениците креваат зелен картон за точен исказ, а црвен за неточен исказ.
- Дали нашите домашни животни би преживеале на студ, на поларните места или во пустината?
- Зошто мислиш така?

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

На денот на активноста треба да оставите доволно време за подготовка на просторот и – доколку планирате – за украсување на училницата. Сето ова треба да го направите пред да започнете со активноста.

## ПРЕПОРАКИ

- При индивидуалната работа на учениците наставникот ги следи и по потреба ги насочува учениците во понатамошната работа.

- Ако работите со различни тимови, ќе биде од голема корист доколку редовно се состанувате со секој од нив, разменувате информации, дискутирате и заемно се координирате.

- Од голема важност е наставникот да се придржува до распоредот на активности и временските рокови.

## 9. Рефлексија, преглед на целите:

Рефлексијата на едукаторите што се вклучени во активноста треба да оди во две насоки:

1. Тие размислуваат врз основа на нивните набљудувања за време на подготовката и спроведувањето на активноста, како и за време на евалуацијата со учениците за тоа како може да се постигнат целите на активноста и какви понатамошни знаења и искуства учениците стекнале.

2. Да го приспособат својот концепт за оваа активност според искуствата стекнати при реализацијата.

## 10. Инспирација:

Работилници за животни и местото на живеење на одредена група животни.

Co-funded by
the European Union

# 5.17 Поларна мечка

**1. Вид активност:** Активност за во училница и активност надвор од училница

**2. Тема:** Екосистем – Климатски промени

**3. Образовни цели:**

Учениците се способни да:

- Наведат неколку основни фактори и услови за живот во поларните предели;
- Ги именува поларните животни и неопходните услови за нивниот опстанок; Ги опишува поларните животни и неопходните услови за нивниот опстанок; Предложат неколку начини за спасување на поларните животни од истребување.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години, целата училишна заедница

**5. Потребни материјали:**

- компјутер, проектор,
- пластичен сад,
- коцки мраз,
- вода,
- фен,
- светилка,
- стиропор.

**6. Времетраење:** Неколку дена поради сложеноста на активностите

**7. Главни активности:**

Работи целата група

Активностите започнуваат со видеопрезентација за животот во поларните региони.

- Како изгледа ова место?
- Кој живее таму?
- Какви се временските услови во поларните предели?

Се прикажуваат фотографии од поларни животни. Се дискутираат условите за опстанок на поларните животни.

- Што им е потребно на поларните животни за да живеат?
- Дали забележавте како тие се движат по мразот?
- Со што се хранат и како наоѓаат храна?

Работа во помали групи

Учениците се поделени во мали групи (од четири до шест ученици).

Учениците се поделени да работат во центри (истражувачки, литературен и ликовен).

Активност на првата група во истражувачкиот центар

Учениците ставаат големи парчиња мраз во пластичен сад. Дел од мразот е скршен за да се симулира кршењето на замрзнатата санта лед. На мразот се ставаат фигури – играчки од поларни животни.

Се додава малку вода за да се симулира топењето на мразот. За зголемување на температурата може да се користи фен или светилка.

- Што се случува со мразот?
- Дали поларните животни имаат доволно простор за живот?

Учениците се фокусираат на концептот глобално затоплување.

Активност на втората група во литературниот центар

Учениците ги истражуваат поларните животни и условите за живот во поларните региони. Тие даваат предлози како да се спаси животот на поларните животни.

Активност на третата група во ликовниот центар

На парче стиропор учениците создаваат поларен свет и пишуваат пораки за заштита на поларните животни.

**8. Завршни активности**

Следува дискусија:

- Зошто мразот е толку важен за поларните животни?
- Што им е потребно на поларните животни за да преживеат?
- Што јадат поларните животни?
- Зошто мразот се топи сè повеќе и повеќе?
- Како можеме да им помогнеме на поларните животни?

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

На денот на реализацијата на активноста треба да имате доволно време да го организирате просторот и да ги поставите потребните материјали за работа. Сето ова треба да го направите пред да започнете со активноста.

## ПРЕПОРАКИ

- При индивидуалната работа на учениците наставникот ги следи и по потреба ги насочува учениците во понатамошната работа.
- Ако работите со различни тимови, ќе биде од голема корист доколку редовно се состанувате со секој од нив, разменувате информации, дискутирате и заемно се координирате.
- Од голема важност е наставникот да се придржува на распоредот на активности и временските рокови.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

Разговор со учениците за нивните впечатоци од реализираните активности

- Што направивме денес?
- Која активност ви беше најинтересна?
- Како се чувствувате?

Поставете модел на поларен свет на видно место за што повеќе деца и возрасни да можат да ја прочитаат екопораката за заштита на поларните животни.

**10. Инспирација:**

Идејата е да се заштитат поларните животни кои се загрозени од глобалното затоплување

https://ecologic.mk/eco-logic-guide/



Co-funded by
the European Union

# 5.18 Загадувањето кај животинскиот свет

**1. Вид активност:** Активност за во училница и активност надвор од училница

**2. Тема:** Живите суштества и нивните живеалишта.

**3. Образовни цели:**

Учениците се способни да:

- Ги опишуваат карактеристиките на животните и растенијата како што се дишењето, движењето, исхраната, чувствителноста, репродукцијата и растот.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години, цела училишна заедница

**5. Потребни материјали:**

Секоја група добива цедалка, две чаши, сад со вода, песок и разновиден отпад.

**6. Времетраење:** Неколку дена поради сложеноста на активностите

Опис на активностите:

Работа со целата група

Учениците следат визуелна презентација за водниот свет. Потоа следува дискусија за начинот на дишење, исхраната и движењето кај рибите.

**7. Главни активности**

Учениците се делат во мали групи/парови. Групите/паровите ги добиваат потребните материјали за работа. Наставникот дава јасни насоки за работата на групите/паровите и детален и јасен опис на активностите.

Пред започнувањето со активноста, наставникот ги прашува учениците да дадат свои претпоставки за очекуваните резултати и да објаснат зошто мислат така. Учениците ги запишуваат своите претпоставки во тетратка.

Секоја група/пар ја изведува активноста.

Наставникот ја следи работата на учениците, ги води и им помага доколку тоа е потребно.

Активност:

Учениците земаат две чаши и цедалка. Цедалката ги претставува жабрите низ кои рибите дишат.

Учениците ја ставаат цедалката врз едната чаша.

Учениците истураат чиста вода во цедалката и ги набљудуваат промените.

Учениците ја полнат втората чаша со 1/3 вода и во неа ставаат нечистотии (песок и разновиден отпад).

Учениците полека ја истураат чашата со загадената вода на цедалката, односно на „жабрите на рибата“.

Учениците со помош на лупа ги набљудуваат остатоците во цедалката.

**8. Завршни активности**

Учениците забележуваат дека цедалката, односно жабрите се полни со нечистотија.

Учениците заклучуваат дека загадената вода во океаните има штетно влијание врз живиот свет.

**ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА**

На денот на реализацијата на активноста треба да имате доволно време да го организирате просторот и да ги поставите потребните материјали за работа. Сето ова треба да го направите пред да започнете со активноста.

**ПРЕПОРАКИ**

- При индивидуалната работа на учениците наставникот ги следи и по потреба ги насочува учениците во понатамошната работа.
- Ако работите со различни тимови, ќе биде од голема корист доколку редовно се состанувате со секој од нив, разменувате информации, дискутирате и заемно се координирате.
- Од голема важност е наставникот да се придржува на распоредот на активности и временските рокови.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Што направивме денес?
- Дали активноста ви беше интересна?
- Како можеме ние луѓето да влијаеме за намалување на загадувањето на животната средина?
- Што научи?
- Како се чувствуваше на час? (заокружи)

**10. Инспирација:**

Животинскиот свет мора да биде заштитен. Ние луѓето сме клучни во загадувањето на животинскиот свет. Потребно е да ја подигнеме свеста кај луѓето за да го заштитиме животинскиот свет.

https://ecologic.mk/%d0%bf%d1%80%d0%b8%d1%80%d0%b0%d1%87%d0%bd%d0%b8%d0%ba-%d0%b7%d0%b0-%d0%bd%d0%b0%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b8-%d0%b7%d0%b0-%d0%b8%d0%bd%d1%82%d0%b5%d0%b3%d1%80%d0%b8%d1%80%d0%b0/

Co-funded by the European Union

# 5.19 Дишењето кај животните

**1. Вид активност:** Активност за во училница и активност надвор од училница

**2. Тема:** Живите суштества и нивните живеалишта

**3. Образовни цели:**

Учениците се способни да:

Прават разлика помеѓу дишењето кај копнените и водните животни и да ги опишат нивните дишни органи (на пр., бели дробови, жабри).

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години, цела училишна заедница

**5. Потребни материјали:**

- два балона,
- две цевки,
- хартиена леплива лента,
- голем сад/кофа,
- водоотпорен маркер,
- вода.

**6. Времетраење:** Неколку дена поради сложеноста на активностите

Опис на активностите:

Работа со целата група

Учениците следат визуелна презентација за начинот на дишење на копнените и водните животни. Учениците ги опишуваат органите на дишење (на пр., бели дробови, жабри и сл.)

**7. Главни активности**

Учениците ги добиваат потребните средства за работа. Наставникот дава јасни насоки за работа и детален и јасен опис на експериментот. Учениците го изработуваат експериментот.

Наставникот ја следи работата на учениците, ги води и им помага доколку тоа е потребно.

Активност 1:

Учениците земаат цевка и го навлекуваат балонот на врвот на цевката. Балонот се лепи со помош на хартиена самолеплива лента. Истата постапка ја прават и со втората цевка.

Вака изработените туби учениците ги поставуваат една до друга и ги спојуваат со хартиена самолеплива лента во средина.

Пред учениците да започнат да ги дуваат цевките, наставникот ги прашува да дадат свои претпоставки за очекуваните резултати и објаснување.

Учениците ги запишуваат своите претпоставки во тетратка.

Учениците дуваат во цевките и наизменично ги надувуваат и издишуваат балоните.

Активност 2:

Кај секоја група/пар ученици се става голем сад со ознака на почетна точка за мерење, некаде во средината на садот. Потоа, садот се полни со вода до точката за мерење.

Учениците треба само еднаш да дувнат во цевките низ цевчињата и да ги надуваат балоните, а потоа ги затвораат цевките со прст за воздухот да не излегува.

Секој ученик наизменично ги потопува надуените балони во кофата со вода.

Наставникот означува за секој ученик засебно до каде е зголемено нивото на водата во садот.

**8. Завршни активности**

Учениците забележуваат дека при вдишување белите дробови се надувуваат, а при издишување белите дробови се собираат/издишуваат.

Учениците го забележуваат порастот на нивото на водата во кофата, што всушност го претставува волуменот на воздухот од белите дробови.

Учениците заклучуваат дека воздухот што го вдишуваме влегува во белите дробови и ја забележуваат важноста на чистиот воздух во природата, кој е од суштинско значење за здравјето на живиот свет.







## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

На денот на реализацијата на активноста треба да имате доволно време да го организирате просторот и да ги поставите потребните материјали за работа. Сето ова треба да го направите пред да започнете со активноста.

## ПРЕПОРАКИ

- При индивидуалната работа на учениците наставникот ги следи и по потреба ги насочува учениците во понатамошната работа.
- Ако работите со различни тимови, ќе биде од голема корист доколку редовно се состанувате со секој од нив, разменувате информации, дискутирате и заемно се координирате.
- Од голема важност е наставникот да се придржува на распоредот на активности и временските рокови.

## 9. Рефлексија, преглед на целите:

- Што направивме денес?
- Дали активноста ви беше интересна?
- Како можеме ние луѓето да влијаеме за намалување на загадувањето на животната средина?
- Што научи?
- Како се чувствуваше на час? (заокружи)

## 10. Инспирација:

Чистиот воздух им е неопходен на сите живи суштества. Потребно е децата уште на најмала возраст да се едуцираат, како и на кој начин да ја зачуваат природата.

Co-funded by
the European Union

# 5.20 Како се хранат птиците

**1. Вид активност:** Активност за во училница и активност надвор од училница

**2. Тема:** Живите суштества и нивните живеалишта

**3. Образовни цели:**

Учениците се способни да:

Направат разлика помеѓу исхраната на тревопасните, месојадните и сештојадните животни.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години, цела училишна заедница

**5. Потребни материјали:**

- 10 семчиња од сончоглед со лушпа,
- длабок сад или чинија,
- пластична кеса,
- една кафена лажичка вода,
- околу половина чаша песок.

**6. Времетраење:** Неколку дена поради сложеноста на активностите

Опис на активностите:

Работа со целата група

Учениците гледаат визуелна презентација за начинот на кој птиците ја јадат својата храна, а немаат заби. Потоа разговараат за тоа како ги лупат и дробат семките со клунот.

**7. Главни активности**

Учениците се делат во мали групи/парови. Групите/паровите ги добиваат потребните материјали за работа. Наставникот дава јасни насоки за работата на групите/паровите и детален и јасен опис на експериментот.

Пред почетокот на активноста, наставникот бара од учениците да дадат свои претпоставки за очекуваните резултати и да објаснат зошто мислат така. Учениците ги запишуваат своите претпоставки во тетратките.

Секоја група/пар го изведува експериментот.

Наставникот ја следи работата на учениците, ги води и им помага доколку тоа е потребно.

Активност:

Учениците ги ставаат семките во длабок сад, додаваат вода и ги оставаат така еден час.

Учениците ги ставаат семките во пластична кеса заедно со песокот.

Учениците ја ставаат кесата меѓу дланките и ги тријат семките и песокот со движење на дланките напред-назад, во траење од една до две минути.

**8. Завршни активности**

Учениците забележуваат дека семките стануваат како каша.

Учениците заклучуваат дека птиците имаат силни клунови и ги користат клуновите за лупење и дробење на семињата.

Co-funded by the European Union




## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

На денот на реализацијата на активноста треба да имате доволно време да го организирате просторот и да ги поставите потребните материјали за работа. Сето ова треба да го направите пред да започнете со активноста.

## ПРЕПОРАКИ

- При индивидуалната работа на учениците, наставникот ги следи и по потреба ги насочува учениците во понатамошната работа.
- Ако работите со различни тимови, ќе биде од голема корист доколку редовно се состанувате со секој од нив, разменувате информации, дискутирате и заемно се координирате.
- Од голема важност е наставникот да се придржува до распоредот на активности и временските рокови.

### 9. Рефлексија, преглед на целите:

- Што направивме денес?
- Дали активноста ви беше интересна?
- Како можеме ние луѓето да влијаеме за намалување на загадувањето на животната средина?
- Што научи?
- Како се чувствуваше на час? (заокружи)

### 10. Инспирација:

Идејата е учениците да стекнат знаења за начинот на исхрана на птиците.